Влада на Република Северна Македонија

Скопје, 22 октомври 2024 година
Бр. 41-9943/8

До
Министерство за образование и наука
Скопје

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-македонска книжевност и култура" на Филолошки факултет „Блаже Конески" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, дадено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.41-9943/7 од 22 октомври 2024 година.

Генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Игор Јанушев

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 30-10-2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 05/46 | | |

Подготвил: Тања Поповска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

Прилог: 1

– Доставено и до:
  - Агенцијата за квалитет во високото образование
  - Филолошки факултет „Блаже Конески" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21 и 58/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 октомври 2024 година, дава

**РЕШЕНИЕ**
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-македонска книжевност и култура“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-македонска книжевност и култура“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-17/6 од 22.5.2024 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, достави барање бр. 08-33/9 од 27.5.2024 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-411/1 од 28.5.2024 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-македонска книжевност и култура“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-411/2 од 23.8.2024 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 3.9.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-411/3 од 10.9.2024 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-македонска книжевност и култура“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-9943/** 7
**22 октомври 2024 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Влада на Република Северна Македонија – Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut – Скопје-Shkup

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Тања Поповска, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |